**ОПШТИНА КУМАНОВО**

**Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР - ИНСПЕКТОРАТ

# ЗА 2023 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел.бр: | 28-905 | | Бобан Бојковски<br>(име презиме) |
| Датум: | 27,12,2022 | | Овластен раководител на Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат<br>(функција звање на раководителот на инспекциската служба) |
| Место: | Куманово | (м.п) | <br>(потпис) |

**РЕЗИМЕ**

Согласно член 33 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ“ бр.109/2019 година, со цел планирање на активности и постигнување на поголема ефикасност, економичност и ефективност при реализација на работните задачи од недлежност на Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат на Општина Куманово е изготвен следниот Годишен план за работа за 2023 година

Во Годишниот план за работа се презентирани планираните активностите на Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат на Општина Куманово кои ќе бидат превземени со цел исполнување на законските надлежности за вршење на инспекциски надзор и контрола. Инспекцискиот надзор и контролирањето ќе се врши во сите области на надлежност согласно Законот за локална самоуправа и постоечката законска регулатива, како и евентуалните идни измени и дополнувања на поединечните законски и подзаконски акти.

Инспекцискиот надзор и контрола над субјектите на надзорот, правни и физички лица ќе се врши преку овластените инспектори на Општина Куманово согласно одредбите од: Законот за градење, Закон за градежно земјиште, Закон за јавна чистота, Закон за комунални дејности, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за урбаното зеленило, Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за управување со отпадот, Закон за домување, Закон за превоз во патниот сообраќај, Закон за јавните патишта, Закон за животната средина, Закон за водите, Закон за заштита од бучава во животната средина,Закон за квалитет на амбиентниот воздух, Закон за управување со пакување и отпад од пакување, Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадните батерии и акумулатори, Закон за управување со други текови на отпад, Закон за хемикалии, Закон за основното образование, Закон за средното образование, Закон за стручно образование и обука, Закон за образование на возрасните, Закон за Бирото за развој на образованието, Закон за ученички стандард, Закон за заштита на децата, Закон за спорт, Закон за просветната инспекција, Законот за даноците на имот, Законот за комуналните такси, Законот за таксата за привремен престој, Закон за домување, Закон за инспекциски надзор, Закон за општа управна постапка, Закон за постапување по предлози и претставки, Закон за прекршоци, Кривичен законик, Закон за локална самоуправа, Закон за администрација, Закон за меѓуопштинска соработка и подзаконски акти донесени од надлежните министерства и Советот на Општина Куманово.

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите постапуваат согласно Уставот, законите и други прописи донесени согласно закон. Инспекторите го вршат инспекцискиот надзор со цел остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес. Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедуваат еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи. Инспекцискиот надзор го вршат во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи. Инспекторите се самостојни при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор. При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторите ги превземаат само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот. Инспекторот по службена должност ја утврдува фактичката состојба и изведува докази во постапката на инспекцискиот надзор. При

определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторите се водат од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци. При вршење на инспекцискиот надзор инспекторите првенствено вршат превентивна функција, а изрекуваат инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

## АНАЛИЗА НА РИЗИЦИТЕ

При изготвувањето на Годишниот план за работа во Секторот за инспекциски надзор односно планот на работа на секој инспектор, се прави анализа на ризик при одредување на приоритети за инспекциски надзор т.е. секој инспекциски надзор се заснива на проценка на ризик. Според степенот ризикот може да биде низок, среден и висок.

Доколку при реализацијата на Годишниот план за работа на Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат се сменат одредени околности врз основа на кои е направена проценката на ризикот, истите ке се земат во предвид при подготвувањето на месечните извештаи за работа на инспекторите.

При анализата на ризиците треба да се има во предвид тежината на штетните последици и веројатноста на случување на штетните последици.

При проценката на ризикот се врши идентификација на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животна средина и здравјето на луѓето кои можат да се случат како последица од работата на субјектот на надзорот.

Кога се мисли на тежината на штетните последици при идентификување на ризици се мисли на природата на штетните последици која произлегува од дејноста, производот и услугата која се дава од страна на субјектот на инспекциски надзор, како и веројатноста за повторивање по претходно утврдена состојба.

Изработката на Годишниот план за работа на Секторот за инспекциски надзор се однесува на периодот 01.01.2023 година до 31.12.2023 година водејќи притоа сметка на платените отсуства.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАКОВОДЕЊЕ

Согласно Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина Куманово, инспекциската служба е организирана како Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат составен од Одделение за инспекциски надзор во урбанистичко градежна и комунална дејност, животна средина и угостителско - туристичка дејност и Одделение за даночна инспекција, инспекциски надзор во јавните дејности и друг надзор од надлежност на општината, со раководител на одделение за инспекциски надзор во урбанистичко градежна и комунална дејност, животна средина и угостителско - туристичка дејност кој во моментот е и овластен раководител на Секторот и општински инспектори за одредени области и тоа:

- Виш инспектор за животна средина - 1 извршител;
- Општински градежен инспектор - 4 извршители;
- Општински комунален инспектор - 3 извршители;
- Општински просветен инспектор – 1 извршител;
- Помошник комунален инспектор - 2 извршител;
- Помлад Општински инспектор за патен сообраќај - 1 извршител;

- Помошник Општински инспектор за домување - 1 извршител;
- Комунални редари - 4 извршители;
- Два кандидата за општински инспектор за угостителско туристичка дејност;
- Два кандидата за општински инспектор за животна средина;
- Два кандидата за општински комунален инспектор;

Моментална состојба во Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат во Општина Куманово согласно правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација е сладна:

- Нема Раководител на Сектор за инспекциски надзор - Инспекторат (со звање Главен инспектор)
- Нема раководител на одделение за даночна инспекција, инспекциски надзор во јавните дејности и друг надзор од надлежност на општината (со звање Виш инспектор);
- По систематизација е предвиден 1 извршител Виш инспектор – Раководител на Одделение за инспекциски надзор во урбанистичко градежна и комунална дејност, животна средина и угостителско туристичка дејност, во моментот работните задачи од оваа област ги извршува 1 Виш инспектор;
- По систематизација се предвидени 5 извршители - Советник градежен инспектор за во моментот работните задачи од оваа област ја извршуваат 4 градежни инспектори;
- По систематизација се предвидени 5 извршители - Советник комунален инспектор, во моментот работните задачи од оваа област ја извршуваат 3 комунални инспектори;
- По систематизација се предвидени 4 извршители - Помлад комунален инспектор, во моментот работните задачи од оваа област ја извршуваат 2 помлади комунални инспектори;
- По систематизација е предвиден 1 извршител - Советник инспектор за патишта, во моментот оваа работно место не е пополнето;
- По систематизација е предвиден 1 извршител - Советник инспектор за патен сообраќај, во моментот оваа работно место не е пополнето;
- По систематизација е предвиден еден извршител Советник - инспектор за заштита на животната средина и природатата, а во моментот оваа работно место е пополнето со кандидат инспектор за заштита на животната средина и природатата;
- По систематизација е предвиден еден извршител Помлад- инспектор за заштита на животната средина и природатата, а во моментот оваа работно место е пополнето со кандидат инспектор за заштита на животната средина и природатата;
- По систематизација е предвиден 1 извршител - Советник инспектор за угостителско туристичка дејност, во моментот оваа работно место е пополнето со кандидат инспектор;
- По систематизација се предвидени 2 извршители - Самостоен инспектор за угостителско туристичка дејност, во моментот е пополнето едно место со кандидат инспектор;

- По систематизација се предвидени 2 извршители - Помлад инспектор за патен сообраќај, во моментот работните задачи од оваа област ја извршува 1 помлад инспектор за патен сообраќај;
- По систематизација е предвиден 1 извршител - Советник просветен инспектор – работните задачи ги извршува еден Општински просветен инспектор;
- По систематизација е предвиден 1 извршител - Советник инспектор за домување, а во моментот оваа работно место не е пополнето;
- По систематизација е предвиден 1 извршител - Советник инспектор за утврдување и наплата на даноци, а во моментот оваа работно место не е пополнето;
- По систематизација е предвиден 1 извршител - Помошник инспектор за домување, а во моментот работните задачи од оваа област ги извршува еден Помошник инспектор за домување;

Општина Куманово потпиша договор за меѓуопштинска соработка за спроведување на инспекциски надзор во Општина Старо Нагоричане од областа на Законот за градење, Законот за превоз на патниот сообраќај и Закон за животна средина. Бидејќи Општина Куманово нема лиценциран Општински инспектор за патишта овој дел од договорот за меѓуоштинска соработка нема да биде покриен од стана на Секторот за инспекциски надзор.

Табела1 :Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| **Вид** | Инспекција за патен сообраќај | | | | | | Инспекција за домување | | | | | | Комунална инспекција | | | | | | Просветен инспектор | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** |
| **Б1 – генерален инспектор** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| **Б2 – главен инспектор** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| **Б3 – пом. Главен инспектор** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| **Б4 – виш инспектор** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| **В1- советник инспектор** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | 3 | | 1 | | 4 | | | 1 | | | 1 |
| **В2 –самостоен инспектор** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| **В3 – помошен инспектор** | | | | | | 0 | | | 1 | | | 1 | | 0 | | | | 0 | | | | | | 0 |
| **В4 – помлад инспектор** | | 1 | | | | 1 | | | | | | 0 | 2 | | | 1 | | 3 | | | | | | 0 |
| **Вкупно** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 | 0 | 2 | 0 | 7 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |

Табела1 :Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| **Вид** | Градежна инспекција | | | | | | Инспекција за животна средина | | | | | | Инспекција за угостителско туристичка дејност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** |
| **Б1 – генерален инспектор** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| **Б2 – главен инспектор** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| **Б3 – пом. Главен** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **инспектор** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Б4 – виш инспектор** | | | | | | 0 | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 |
| **В1- советник инспектор** | | 1 | | 3 | | 4 | | 1 | | | | 1 | | 1 | | | | 1 |
| **В2 –самостоен инспектор** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 1 | | | | | 1 |
| **В3 – помошен инспектор** | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 |
| **В4 – помлад инспектор** | | | | | | 0 | | 1 | | | | 1 | | | | | | 0 |
| **Вкупно** | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 | 4 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |

Табела 2: План за нови вработувања и пензионирања на инспектори

| **Вид** | **Инспектор за патен сообраќај** | | | **Инспектор за домување** | | | **Комунален инспектор** | | | **Инспектор за угостителско туристичка дејнот** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **Враб** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб** | **Пенз.** | **Разлика** |
| **Б1 – генерален инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Б2 – главен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Б3 – пом. Главен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Б4 – виш инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **В1- советник инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **В2 –самостоен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **В3 – помошен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **В4 – помлад инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

| **Вид** | **Градежен инспектор** | | | **Инспектор за животна средина** | | | **Просветен инспектор** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **Враб** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб** | **Пенз.** | **Разлика** | | | |
| **Б1 – генерален инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Б2 – главен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Б3 – пом. Главен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Б4 – виш инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **В1- советник инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **В2 –самостоен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **В3 – помошен инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **В4 – помлад инспектор** | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### 1. Инспекција за патен сообраќај

*Појдовна основа за изработка на планот за инспекцијата за патен сообраќај* е Законот за превоз во патниот сообраќај („„Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, ..., 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 67/22), како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

*Согласно горе наведениот закон, инспекторот за патен сообраќај од Секторот за инспекциски надзор, во 2023 година ќе врши инспекциски надзор над*:

- Превозниците во општинскиот линиски превоз на патници во Општина Куманово;
- Превозниците во посебниот линиски превоз на патници кој што се врши на територија на Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане согласно одлука за меѓуопштинска соработка;
- Превозниците кои вршат авто-такси превоз на територија на Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане согласно одлука за меѓуопштинска соработка;
- По иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица.

*Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:*

- ❖ Превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;
- ❖ Навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од незаконско работење на субјектите на надзорот;
- ❖ Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;
- ❖ Ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките потенцијали на субјектите кои се предмет при инспекцискиот надзор;
- ❖ Зајакнување на одговорноста во субјектите кои се предмет на инспекцискиот надзор за спроведување на соодветната законска регулатива;
- ❖ Намалување на сивата економија со зајакнување на инспекциските надзори над нелегалните субјекти, како и отстранување на нелегалната конкуренција;
- ❖ Зголемување на конкурентните односи на субјектите на надзорот се со цел да се подобрат услугите на граѓаните.

*При анализата на ризици* како ризични подрачја се идентификувани следните: вршење на авто-такси превоз без потребна документација, вршење на посебен линиски превоз без целосна односно без документација, непочитување на дозволите и возните редови. Од таа причина акцент на инспекцискиот надзор во 2023 година ќе се даде на надзорот над превозниците и возилата на патиштата, односно на вршење вонреден инспекциски надзор на сите кои ќе бидат затекнати како вршат: општински линиски превоз на патници, посебен линиски превоз на патници и авто-такси превоз на патници. Исто така оваа година ќе се врши поинтензивна контрола на превозниците на линиски превоз кои согласно одлука на Совет на Општина Куманово ќе вршат бесплатен јавен превоз на патници во перод од јануари до јуни 2023 година.

Инспекторот за патен сообраќај во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Куманово и органите на државно ниво, пред сè со МВР-СВР Куманово.

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на Инспектор за патен сообракај за 2023 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори:

Табела 3. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2023 година

| Реден бр. | Општина Куманово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Инспектор за патен сообраќај | 22 | 80 | 5 | 107 | 60 |

*Реализација на годишниот план за работа на инспекторот за патен сообраќај* ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

## 2. Комунална инспекција

### 2.1 Комунален инспектор

*Појдовна основа за изработка на планот за комуналната инспекција се следните прописи*: Закон за комунални дејности, Закон за јавна чистота, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за управување со пакување и отпад од пакување, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, Закон за зеленило, како и подзаконските акти произлезени од овие закони.

*Согласно горе наведените закони, комуналниот инспектор од Секторот за инспекциски надзор - Инспекторат, врши инспекциски надзор над:*

- Јавното комунално претпријатие и над физички и правни лица и тоа:
  - одржување на јавната чистота на јавни и сообраќајни површини (миење и метење на јавни површини согласно Годишната Програма за одржување на јавна чистота на давател на услуга ЈКП Чистота и Зеленило);
  - чистење на снег во зимски услови согласно со Програмата за зимско одржување;
  - расчистување на снег пред деловни објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради (правни и физички лица);
  - одржување на јавно зеленило и паркови согласно со Годишната Програма за одржување на јавни и зелени површини (на давател на услугата ЈКП Чистота и Зеленило);
  - одржување на јавни површини на отворени простори;
  - отстранување на хаварисани возила од јавни површини;
  - одржување на водоснабдителен систем со вода за пиење од страна на давателот на услугата ЈКП Водовод Куманово;
  - одржување на канализациониот систем од страна на давателотна услугата ЈКП Водовод;
  - управување и одржување на градски гробишта од страна на давателот на услугата ЈКП Чистота и Зеленило;
  - вршење на погребални услуги од страна на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
  - одржување на Градските пазари од страна на ЈП Пазариште Куманово како давател на услуга;

- поставување на табли со куќен број на објекти и поставување на табли со имиња на улици кај правни и физички лица;
- неконтролирано оставање, фрлање напуштање спалувањена отпадот од страна на правни и физички лица;
- инспекциски надзор над физичките и правни лица како корисници на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни иницијативи за инспекциски надзор од физички и правни лица;

❖ Комуналниот инспектор преку извршување на инспекцискиот надзор и преземање на соодветни инспекциски мерки придонесува за зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето на Јавните комунални претпријатија основани од страна на Советот на општината, на среден рок, како и на правните и физичките лица на кои им е издадена дозвола за вршење на соодветна комунална дејност од страна на државниот орган на управата.

*Цели кои треба да се постигнат при инспекцискиот надзор:*

- Остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;
- Целосно почитување на начело на совесност, стручност, ефикасност, уредност, навременост и непристрасност при спроведување на инспекциска постапка;
- Утврдување на фактичката состојба и изведување докази во постапката на инспекцискиот надзор;
- Превземање на мерки за отстранување на недостатоци при вршењето на инспекцискиот надзор, доколку се утврдат недостатоците, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;
- Определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци врз основа на утврдената тежина на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоците;

При вршењето на инспекцискиот надзор инспекцијата првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

*При анализата на ризик* во делот на комуналната инспекција утврдено е дека предмет на инспекциски надзор ќе бидат ризичните подрачја од областа на комуналните дејности дефинирани според конкретните појави од ризици, кои искуствено врз основа на досегашните инспекции имаат третман на ризично подрачје. Односно:

ЈКП „Чистота и Зеленило“ како јавно претпријатие основано од страна на Советот на општината како давател на комунални услуги во Општина Куманово во однос дали се задоволени потребите на физички и правни лица како корисници на услуги, во преземање на мерки за обезбедување на јавната чистота по чл.14 и 14а, согласно член 21 став 4 од Законот за гробишта и погребални услуги исполнувањето на условите и стандардите на физичките и правни лица врз основа на кои имаат добиено лиценца за вршење на погребални услуги и други услуги за кои Министерството за транспорт и врски издава соодветна лиценца, по согласност на чл.43 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина.

ЈКП „Водовод„ како јавно претпријатие основано од страна на Советот на општината како давател на комунални услуги во Општина Куманово во однос дали се задоволени потребите на физички и правни лица како корисници на услуги, во преземање на мерки за обезбедување на квалитетна вода за пиење и управување со комунални отпадни води;

ЈП „Пазариште„ како јавно претпријатие основано од страна на Советот на општината како давател на комунални услуги во Општина Куманово во однос дали се задоволени потребите на физички и правни лица како корисници на услуги, во преземање на мерки за обезбедување на квалитетни услови за продажба на земјоделски и сточарски производи и друг вид на производи,

Комуналниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Куманово и органите на државно ниво, пред сѐ со МВР-СВР Куманово.

*При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на комуналниот инспектор* за 2023 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори :

Табела 5. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2023 година

| Реден бр. | Општина Куманово 7 извршители | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Комунален инспектор | 420 | 168 | 70 | 658 | 50 |

*Реализација на годишниот план за работа на комуналниот инспектор* ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

Годишниот план ќе се спроведува од 7 извршители -4 комунални инспектори и 3 помлади комунални инспектори. (Еден комунален инспектор и еден помлад комунален инспектор треба да полагаат практичен дел од испит за стекнување со лиценца - комунален инспектор.

### 3.2. Комунални редари

*Појдовна основа за изработка на планот за работа на комунални редари* за 2023 година се:Закон за комунални дејности, Закон за јавната чистота, Одлука за комунален ред и мерки за спроведување во Општина Куманово, Одлука за јавната чистота во Општина Куманово и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените, кои ќе се донесат во 2023 година а се во надлежност на комуналните редари.

*Задачите и активностите* кои ќе бидат задолженија на комуналните редари во текот на 2023 година, во рамките на Планот се таксативно приложени започнувајќи со: редовен надзор на терен, имплементација на Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности како и Одлука за комунален ред, соработка на комунални редари со другите инспекции во рамките на одд. за инспекциски надзор, каки и другите одделенија и сектори во Општина Куманово и другите органи на државно и локално ниво.

*Планот ќе се реализира со 4 комунални редари*.

*Активности* на комуналните редари:

Контролата од комуналните редари ќе се врши над физички лица согласно со Законот за јавната чистота, Законот за комунални дејности, како и одлуките донесени од Советот на Општина Куманово врз основа на овие закони.

Контролата ќе се врши на цела територија на Општина Куманово со акцент на централното градско подрачје со цел доследно спроведување на Закон за јавна чистота.

*Реализација на годишниот план за работа на комуналните редари* ќе биде спроведуван преку изработени неделни налози за работа од страна на Раководителот на Секторот за инспекциски надзор. Доколку комуналните редари при вршењето на контролата утврдат неправилности, согласно горе наведените прописи, истите се должни да превземат мерки согласно нивните надлежности произлезени од таа законска регулатива.

### 3. Градежна инспекција

*Појдовна основа за изработка на планот за градежната инспекција* е Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.130/09,..., 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22),како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

*Согласно горе наведениот закон, градежниот инспектор од Секторот за инспекциски надзор, во 2023 година ќе врши инспекциски надзор над*:

- градбата на градежните објекти на лице место и утврдување на податоци и докази за градбата со кои се утврдува дали истата се гради со почитување на законите со кои се регулира градбата на објекти;
- објекти кои се градат без одобрение за градење;
- квалитет на градба на објектите за кои Секторот за урбанизам и просторно планирање на Општина Куманово има доставено акт со кој се потврдува донесување Одобрение за градење, Одобрение за реконструкција, пренамена и санација на објект;
- сите учесници во градба на еден градежен објект кои треба да исполнат одредени критериуми, стандарди и имаат лиценца за вршење на таков вид на активност
- правните и физичките лица кои имаат поставено урбана опрема на јавните површини;
- По иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица и по службена должност.

*Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:*

- придонесување на подобрувањето на контролата на објектите што се градат и поквалитетна градба на сите видови градежни објекти од втора категорија на објекти, како и почитување на законите на сите физички и правни лица учесници во сите фази на градба на еден објект;
- законита и стручна примена на законите со цел сите учесници во било која фаза на градба на еден градежен објект, било да се физички лица или правни лица да ги почитуваат законите со кои се регулира градбата на објектите;
- градежната инспекција делува превентивно со навремена контрола врз градбите и начинот на градба на истите како и превземање санкции во колку некоја градба не се изведува во согласност со важечките закони;
- примена на законите за да се заштити државниот интерес како и интересот на секој поединечен граѓанин што учествува во градбата или е засегнат при градење на објект во непосредна близина на сопствениот објект;
- брзо, ефективно и стручно водење на управните и инспекциските постапки и во временски со закон определен рок со што истите би се завршиле во што е можно пократок рок;
- преку вршење надзор над градбите се зголемува квалитетот на градбите и се гарантира дека градбата се гради во согласност со стандардите за градба за соодветен тип на објект од втора категорија на градба;
- при определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интересили интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- Превенција од евентуални штети предизвикатни од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;
- Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;
- Намалување на сивата економија со зајакнување на инспекциските надзори над нелегалните субјекти, како и отстранување на нелегалната конкуренција.

Градежниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Куманово и органите на државно ниво, како и со МВР-СВР Куманово.

*При анализата на ризици* како ризични подрачја се идентификувани следните: градење, реконструкција, надградба и доградба на објекти без потребна документација; непридржување на инвеститорите и изведувачите кон одобренијата и решенијата за објектите издадени од Градоначалникот; непридржување на законските обврски на инвеститорите и изведувачите при започнување, тек и завршување на градба, доградба, надградба, реконструкција; поставување на урбана опрема и времени објекти без одобрение, односно непридржување на условите од одобрението.

Контролата ќе се врши на начин што територијата на Општина Куманово е поделена на 4 реони, а сé со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија од страна на општински градежен испектор задолжен за конкретен реон.

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на Градежниот инспектор за 2023 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори :

Табела 6. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2023 година

| Реден бр. | Општина Куманово 4 извршители | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Градежен инспектор | 24 | 200 | 20 | 244 | 128 |

Реализација на годишнниот план за работа на градежните инспектори ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторите при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекуваат инспекциски мерки, ќе прават постапки за порамнување, ќе подготвува барања пред надлежен суд согласно своите овластувања.

## 4. Инспекција за животна средина

*Појдовна основа за изработка на планот за инспекцијата за животна средина* е Законот за животна средина („Сл.весник на РМ" бр.53/2005;...,99/2018,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22 и 171/22), Закон за заштита од бучава во животна средина(„Сл.весник на РМ" бр.79/2007;...,146/2015, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), Закон за управување со отпад („Сл.весник на РМ" бр.68/2004;...,63/2016, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21), Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Сл.весник на РМ" бр.68/2004;...,63/2016, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21), Закон за управување со дополнителни текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21), Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Сл.весник на РМ" бр.140/2010;...,39/2016, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 195/21 и 216/21), Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Сл.весник на РМ" бр.06/2012;...,39/2016, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21), Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл.весник на РМ" бр.67/2004;...,146/2015, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), како и подзаконските акти произлезени од овој закон.

*Согласно горе наведениот закон, инспекторот за животна средина од Сектор за инспекциски надзор, врши инспекциски надзор над субјекти на надзор со цел да:*

- Утврди дали субјект на надзорот ги применува техничко-технолошките мерки за заштита на: воздух, води, почва, заштитени посебни природни богатства, заштита од бучава и штетни зрачења;
- Континуирано следење и примена на прописите во врска со прашањата од областа на заштита на животна средина и природата;
- Ја следи работата на индустриските капацитети и потенцијалните загадувачи на подрачје на општината;
- Утврди дали субјект на надзорот поседува Б интегрирана еколошка дозвола;
- Има решение за одобрување на елаборат за животна средина и дали се спроведуваат мерките утврдени во елаборатот;
- Врши мониторинг во согласност со условите содржани во дозволата;
- Утврди дали емисиите на супстанциите определени во дозволата се испуштаат согласно определени гранични вредности;
- Утврди дали се реализирани опреративните планови и дали се исполнети обврските од оперативните планови кои се содржани во еколошките дозволи;
- Утврди дали се управува со комуналниот и неопасен отпад согласно Законот за управуање со отпад;

- Утврди дали согласно законските прописи се фрлаат материи и супстанции, отпадни масла во канализациониот систем и врши контрола над канализационите системи, одводни системи и септички јами на подрачје на општината;
- Утврди дали се исполнети условите за заштита од бучава предизвикана од постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат;
- Утврди дали се исполнети услови со кои се спречува, намалува или контролира негативното влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух

*Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:*

- Усогласеност со имплементирање на принципи за менаџирање со ризици во процес на инспекциски надзор:
- Зголемување на свесност и информираност на субјекти на надзор со цел да се постигне поголемо ниво на усогласеност со законската регулатива;
- Превенција од евентуални штети предизвикатни од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;
- Навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од незаконско работење на субјектите на надзорот;
- Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;
- Намалување на сивата економија со зајакнување на инспекциските надзори над нелегалните субјекти, како и отстранување на нелегалната конкуренција;

*При анализата на ризици* како ризични подрачја се идентификувани следните: превземање на одредени активности од страна на субјектите без потребните одобренија/согласности, не спроведување на мерки од планови и програми за подобрување на заштита на животна средина, не спроведување на мониторинг согласно динамиката предвидена во дозволата.

Инспекторот за животна средина во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Куманово и органите на државно ниво, пред сѐ со МВР-СВР Куманово.

*При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на Инспектор за животна средина* за 2023 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори:

Табела 7. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2023 година

| Реден бр. | Општина Куманово<br>3 извршители | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Инспектор за животна средина | 130 | 30 | 20 | 180 | 20 |

*Реализација на годишниот план за работа на инспекторот за животна средина* ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

### 5. Инспекција за домување

*Појдовна основа за изработка на планот за инспекцијата за домување* е *Закон за домување („Слвесникна РСМ“ бр. 99/2009; ,...,64/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20 и 150/22 ), како и подзаконските акти донесени врз основа на овај закон.*

*Согласно горе наведениот закон, инспекторот за домување од Сектор за инспекциски надзор, врши инспекциски надзор над субјекти на надзор со цел:*

- континуирано следење над примената на законите и прописите од областа на домување;
- надзор над станбени, станбено-деловни и деловно-станбените згради, дали управувањето со истите се врши согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- дали се почитуваат пропишаните норми и стандардите за домување,
- дали лиценцираните управители ги исполнуваат условите врз основа на кои му е издадена лиценцата
- дали заедниците на сопственици ги исполнуваат условите врз основа на овај закон
- дали се уредени закупничките односи согласно со овој закон
- Постапка за утврдување на неправилности врз основа на закон за домување
- Покренување на судска постапка за именување на управител
- Подготвување и доставување на Барање до управители на станбени згради и заедници на сопственици за доставување на податоци на станбени згради
- Водење на Регистер на станбени згради и станови како и Регистер на управители

*Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:*

- Усогласеност со имплементирање на принципи за менаџирање со ризици во процес на инспекциски надзор:
- Зголемување на свесност и информираност на субјекти на надзор со цел да се постигне поголемо ниво на усогласеност со законската регулатива;
- Превенција од евентуални штети предизвикатни од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;
- Навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од незаконско работење на субјектите на надзорот;
- Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;

*При анализа на ризици инспектор за домување ке врши Проценката на ризик во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспектор за домување за 2023 како основа за планирање на зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзори, утврдувајќи ги степените на ризици според кои се определуваат инспекциските активности, економските дејности и бројот на субјекти на надзор над кои ќе се врши инспекциски надзор во текот на годината, како и ангажманот и работата на инспекторот, потребното време и другите ресурси потребни за вршење на инспекцискиот надзор.*

Инспекторот за домување во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина Куманово и органите на државно ниво, пред сè со МВР-СВР Куманово.

*При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на Инспектор за домување* за 2023 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори :

Табела 8. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2023 година

| Реден бр. | Општина Куманово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Инспектор за домување | 30 | 35 | 10 | 75 | 15 |

*Реализација на годишниот план за работа на инспекторот за домување* ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави

постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

### 6. Инспекција за угостителско туристичка дејност

*Појдовна основа за изработка на Планот за работа на инспекторот за угостителско-туристичка дејност е Законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на РСМ“ бр.102/2019г.); Законот за угостителска дејност(Сл.Весник на РМ бр.62/2004г,..., 71/2016г. „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Законот за туристичка дејност (Сл. Весник на РМ бр.62/2004г,..., 53/2016г, Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 ), Законот за такса за привремен престој (Сл.Весник на РМ бр.19/1996г,..., 192/2015г., Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20),како и подзаконските акти,донесени врз основа на овие Закони.*

*Согласно горе наведените Закони и подзаконски акти, инспекторот за угостителско-туристичка дејност при Секторот за инспекциски надзор на Општина Куманово, во 2023 година ке врши инспекциски надзор над:*

- *Физички лица, регистрирани во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност што се води кај Градоначалникот на Општина Куманово,*
- *Правни лица, во делот каде што надлежност има Локалната самоуправа,*
- *Физики лица, регистрирани во Регистарот на физички лица кои вршат туристичка дејност дејност, што се води кај Градоначалникот на Општина Куманово,*
- *Правни лица, во делот каде што надлежност има Локалната самоуправа и*
- *Правни и физички лица што вршат сместување на гости и туристи на територија на Општина Куманово.*

*Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:*

- *работење на субјектите на надзорот во согласност со Законските прописи;*
- *навремено превземање мерки и санкции заради намалување и елиминирање на субјектите кои вршат дејност нерегистрирани;*
- *воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;*
- *ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките потенцијали на субјектите , кои се предмет на инспекцискиот надзор;*
- *зајакнување на одговорноста на субјектите кои се предмет на инспекцискиот надзор за спроведување на соодветна законска регулатива;*

*При анализа на ризици се идентификувани следните: вршење на угостителска дејност без Пријава за исполнување на МТУ за вршење на угостителска дејност, вршење на угостителска дејност без Пријава за работно време, вршење на угостителска дејност без Норматив за послужување на храна и пијалоци, не евидентирање на гости во Книгите за евиденција на гости и неплаќање на такса за привремен престој. Од тие причини акцент на инспекцискиот надзор во 2023 година ке се даде на надзорот на овие појави.*

*Инспекторот за угостителско-туристичка дејност, во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Законите, континуирано соработува со сите Одделенија и Сектори во Општина Куманово, како и со Државните органи.*

Табела 7. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2023 година

| Реден бр. | Општина Куманово 2 извршители | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Инспектор за угостителско туристичка дејност | 120 | 20 | 10 | 150 | 10 |

*Реализација на годишниот план за работа на инспекторот за туристичко - угостителска дејност* ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

## 7. Инспекција за воспитно- образовна дејност

*Појдовна основа за изработка на Планот за работа на инспекторот за воспитно образовна дејност е Законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на РСМ“ бр.102/2019г.); Законот за просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, ..., 64/18), Законот за основно образование(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08,...,64/18), („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, ..., 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), Законот за ученички стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, ..., 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20 и 302/20), Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, ..., 198/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, ..., 150/22 и 236/22), Закон за наставници и стручни соработници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), како и подзаконските акти,донесени врз основа на овие Закони.*

*Согласно горе наведените Закони и подзаконски акти, просветниот инспектор при Секторот за инспекциски надзор на Општина Куманово, во 2023 година ке врши инспекциски надзор за:*

- *условите и постапката за основање и престанок со работа на воспитно-образовните установи основани од општината;*
- *условите за работа на воспитно-образовните установи основани од општината;*
- *запишувањето на учениците во воспитно-образовните установи основани од општината;*
- *опфатот на учениците согласно со реонизацијата на основните училишта;*
- *превозот, исхраната и сместувањето на учениците во воспитно-образовните установи основани од општината;*
- *условите за избор на наставници и стручни соработници во воспитно-образовните установи основани од општината;*
- *постапката за формирање на училишните органи во воспитно-образовните установи основани од општината;*
- *контрола на средствата стекнати од сопствени извори во воспитно-образовните установи основани од општината;*

*Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:*

- *обезбедување квалитетот на образовниот процес и ефективноста преку евалуација на работата на воспитно-образовните установи во основното и средното образование;*
- *правилна примена на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието.*
- *примена на право на бесплатно и квалитетно воспитание и образование во училиштата;*
- *овозможување целосен развој на ученикот, еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност;*
- *воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;*
- *ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките потенцијали на субјектите , кои се предмет на инспекцискиот надзор;*
- *зајакнување на одговорноста на субјектите кои се предмет на инспекцискиот надзор за спроведување на соодветна законска регулатива;*

*При анализа на ризици се идентификувани следните: не соработка со родители на децата кои не посетуваат редовно или воопшто не посетуваат настава во основните училишта, субјективна примена на законските прописи од страна на директорите на училипта во ситуации*

*кога се инволвирани наставници и професори како спротивставени страни, не соодветно водење на документација за работа на училишни одбори, не почитување на реонизација при упис на ученици во основните училишта, не професионалноста во работата на стручните служби во образовните институции.*

*Од тие причини акцент на инспекцискиот надзор во 2023 година ке се даде на надзорот на овие појави.*

*Просветниот инспектор, во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Законите, континуирано соработува со сите Одделенија и Сектори во Општина Куманово, како и со Државните органи.*

Табела 7. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2023 година

| Реден бр. | Општина Куманово<br>2 извршители | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Инспектор за угостителско туристичка дејност | 34 | 12 | 10 | 56 | 10 |

*Реализација на годишниот план за работа на инспекторот во воспитно образовна дејност* ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.